Врз основа на член 16, став 9, алинеја 8 и член 18, ставовите 1, 2 и 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/2013 и 30/2016) и член 34-а од Статутот на Интеруниверзитетската конференција бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година и барањата за номинација на лице за член во Секорска комисија бр. 2109-15 од 26.9.2022 година, бр. 2109-23 од 26.9.2022 година, бр. 2109-32 од 26.9.2022 година и бр. 2109-79 од 14.12.2022 година, Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 7/2023**

**Член 1**

за избор на член од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, во:

1) Секторска комисија за **здравство и социјална заштита, 1 (еден) член.**

Критериуми за избор:

- завршено високо образование од **области на соодветниот сектор**
- компјутерски вештини (MS Office)
- познавање на англиски јазик (најмалку B1 ниво)
- најмалку 5 години работно искуство во **соодветниот сектор**
- познавање на занимањата во **соодветниот сектор**
- посебно професионално искуство:
  - учество во разни органи, тела и комисии од областа на **соодветниот сектор**
  - учество во проектии развивање на програми.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава за повикот
- кратка биографија (CV)
- изјава за конфликт на интереси.

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, на предлог на Комисија.

Јавниот повик трае **10** работни дена од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. „Гоце Делчев" бр. 9, 1000 Скопје.

**Интеруниверзитетска конференција**
**на Република Северна Македонија**